# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ



ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2017

*Сабота, 1 јули 2017*

## ЗА КОЈА НАГРАДА РАБОТИМЕ?

„Живееме во време кога е потребна уште поголема ревност од онаа во деновите на апостолите... Но мнозина... сакаат... да направат нешто големо, да направат сензација, да се здобијат со глас на добри говорници и да им се укажува чест и почитување. Кога таквите луѓе би можеле да ги избегнат опасностите, а да ја примат почеста која им се дава на хероите, тие би се посветиле на делото со неодолива енергија. Но да се живее и да се работи речиси непознат, да се страда и жртвува за Христа во анонимност, не примајќи никаква посебна слава од луѓето - тоа бара цврстина на начелата и решителност на волјата кои малкумина ги поседуваат. Кога таквите повеќе би настојувале да одат понизно пред Бога, да не гледаат на луѓе, туку да работат само заради Христа, ќе се постигне многу повеќе.

Ние сега имаме прилики кои никогаш нема да бидат поповолни и затоа мораме да се трудиме да го искористиме секој момент. Нашиот Откупител бил толку предан на делото на спасување на душите што дури копнеел за своето крваво крштавање... Затоа, барајте го Исуса со сета понизност и трпеливост... Воздигнете го Христа! Зборувајте за Исуса и загубете се себеси во Него." /5T 132/

Да се молиме на Господа да ни помогне да не работиме за некаква пофалба и слава од луѓето отколку да работиме ревно и понизно за славата којашто Бог ќе ни ја даде.

*Сабота, 8 јули 2017*

## ДАЛИ НАШИОТ ЖИВОТ СВЕДОЧИ ЗА ОНА ШТО ГО ПРОПОВЕДАМЕ СО ЗБОР?

„Кога би се облекувале во поедноставна и поскромна облека без оглед на модата, кога на нашите трпези секогаш би изнесувале едноставна, здрава храна избегнувајќи го секој раскош, кога нашите домови би биле изградени и наместени со едноставност каква што доликува, тогаш би ја покажале посветувачката моќ на вистината и силно би влијаеле на неверниците. Меѓутоа, ако за овие прашања пример земеме од овој свет, ако во некои случаи се трудиме да го надминеме светот во претерано разубавување, проповедањето на вистината ќе има слабо или никакво влијание. Кој ќе поверува во свечената вистина за ова време кога оние што тврдат дека веруваат во неа ѝ противречат со своите дела? Бог не ги затворил браните на небото, туку тоа го прави нашето прилагодување кон обичаите и постапките на овој свет.

Третиот ангел од Откровение 14 глава е претставен како брзо лета среде небото викајќи: „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“ (Откровение 14,12). Овде е прикажан карактерот на делото на Божјиот народ. Нивната вест е толку значајна што тие се објавени како да летаат објавувајќи му ја на светот. Тие во своите раце го држат лебот на животот за изгладнетиот свет. Љубовта на Христа ги натерала на тоа. Тоа е последната вест. По неа нема други вести. Кога таа вест ќе го заврши своето дело, повеќе нема да се упатуваат повици на милост. Каква доверба! Каква одговорност лежи врз сите да ги пренесат зборовите на милостивиот повик: „И Духот и невестата велат: ‚Дојди!‘ И кој ќе чуе, нека каже: ‚Дојди!‘ И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум“ (Откровение 22,17).

Секој кој ќе чуе треба да каже: „Дојди!“. Не само проповедниците, туку и народот. Сите треба да се приклучат на повикот. Не

само со своето исповедање, туку и со својот карактер и со својот начин на облекување, сите треба да вршат придобивачко влијание. Тие се поставени како повереници во светот, извршители на волјата на Оној кој им ја заветил вистината на луѓето. Сите нека го сфатат достоинството и славата на довербата која Бог им ја дал./5Т 207/

**Разговарајте за:**

1. Што опфаќа одговорноста на влијанието?
2. Со што сè можеш да извршиш влијание?
3. Изнеси ги резултатите на влијанието.

*Сабота, 15 јули 2017*

## ДА ЈА ПРОУЧУВАМЕ БОЖЈАТА РЕЧ ДО НЕЈЗИНИТЕ НАЈГОЛЕМИ ДЛАБОЧИНИ!

„Ако Божјиот народ напредува во благодатта, тој сè подобро и појасно ќе ја сфаќа Неговата реч. Секогаш ќе пронаоѓа нова светлина и убавина во неговите свети вистини. Ова се покажа како вистинито во историјата на црквата во сите времиња и така ќе биде и до крајот. Меѓутоа, секогаш кога ослабувал духовниот живот, се појавувал копнеж повеќе да не се напредува во познавањето на вистината. Луѓето се задоволуваат со светлината што веќе ја примиле од Божјата реч и ги одвратуваат другите од понатамошно истражување на Светото Писмо. Стануваат конзервативни и избегнуваат секаква расправа.

Фактот дека меѓу Божјиот народ нема спротивставеност ниту расправања, не треба да се смета како доказ дека сите цврсто се држат за правото учење. Тоа е причина за стравување дека тие не ја разликуваат јасно вистината од заблудата. Ако не се појавуваат никакви нови прашања поттикнати од проучување на Свето-

то Писмо, ако нема никакви разидувања во мисленјата, кои ќе ги натераат луѓето сами за себе да ја проучуваат Библијата за да се уверат дека ја имаат вистината, тогаш како што било и во старите времиња, мнозина ќе се држат до традицијата и ќе обожаваат нешто што ниту самите не го познаваат.

Ми беше покажано дека мнозина, кои тврдат дека ја познаваат сегашната вистина, не знаат во што веруваат. Тие не можат да дадат докази за својата вера. Немаат правилно сфаќање за делото за сегашното време. Кога ќе дојде времето на неволји, луѓето што денес им проповедаат на другите, откако ќе ги испитаат своите ставови, ќе видат дека има многу нешта за кои не можат да дадат причина. Додека не се искушаат на тој начин, тие нема да знаат колкаво е нивното незнаење." /5T 707/

Ние не мора да ги чекаме последните денови за да ги утврдиме своите потреби за подлабоко познавање на вистината. Да почнеме да ја објаснуваме вистината на неверните, па ќе почувствуваме колку се големи нашите потреби да ја проучуваме Библијата и колку можат да ни бидат драгоцени овие средби на кои ги изнесуваме искуствата од работата и кога даваме одговори на прашањата кои не сме знаеле да одговориме.

Затоа, да се молиме на Господа да разбуди кај нас интересирање за Неговата реч  за подобро да ја познаваме и поради своето спасение, а и поради спасението на нашите ближни.

*Сабота, 22 јули 2017*

## МНОЗИНА ЧЕКААТ НА НАС

„Мнозина верно чекорат во светлината што го осветлува нивниот пат. Тие копнеат подобро да ги запознаат Божјите патишата и Божјите дела. Во целиот свет мажите и жените го насочуваат својот поглед кон небото со длабок копнеж. Молитви и пекања исполнети со солзи се издигнуваат од душите кои копнеат за светлина, милост и за Светиот Дух. Мнозина се наоѓаат на самата граница на Божјето царство, чекајќи да бидат внесени.

Кога на тие души ќе им се изнесат Христовите поуки и библиските вистини во нивната едноставност, тие со радост ќе ја прифатат вистината. Нивната збунетост ќе исчезне пред светлината како што капките роса исчезнуваат пред утринското сонце... Бог им се открива во Христа покажувајќи им ја сета своја длабочина, широчина и вистина на духовната божествена тајна која што порано не ја сфаќале, тајна која не може да се објасни со зборови туку се сфаќа само тогаш кога се изградува карактер сличен на Христа...

Дури и оние коишто не покажуваат никаква склоност кон религијата, можат понекогаш да бидат осведочени и тогаш во нив се појавува копнеж по нешто што го немаат... и многумина од нив стануваат придобиени и обратени... Со ваква работа, илјадници ќе бидат спасени за Христа.“

**Разговарајте за:**

Да го поведеме разговорот во оваа насока во нашите класи.

Да се молиме за оние со кои веќе работиме.

Да се молиме Бог да ни помогне да бидеме негови орудија: вистински предани и посветени Нему за да може Тој да нè одведе кај душите кои копнеат за вистината.

*Сабота, 29 јули 2017*

## ДА СЕ ДРЖИМЕ ЗА БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

„Сите што се потпираат врз Божјето ветување на ист начин, кои се сериозни и истрајни како него, ќе постигнат ист успех. Оној што не е подготвен да се откаже од самиот себеси, да се понизи пред Бога и долго и сериозно да се моли за негов благослов, нема ни да го добие. Да се бориш со Бога - малцина знаат што е тоа! Малку души стоеле пред Бога со силен копнеж вложувајќи ги до крајни граници сите сили на своето битие! Колку малку се оние кои со непоколеблива вера се држеле за Божјите ветувања кога очајни бранови, што не може да ги опише ниту еден јазик, го заплуснувале оној што се молел!

Тие што сега имаат само малку вера, се наоѓаат во најголема опасност да ѝ подлегнат на силата на сатанските измами и на насилството над совеста. Па дури и ако ги издржат искушенијата, сепак, во времето на големата неволја ќе поднесуваат длабока жалост и страв, зашто не навикнале да се потпираат врз Бога. Лекциите на верата што ги занемариле мора да ги учат под страшен притисок на обесхрабрување./ *Големата борба,* стр. 503/.

**Прашања за разговор:**

1. Што значи да се бориме со Бога?

2. Како да изградиме непоколеблива вера која ќе се држи за Божјите ветувања?

*Сабота, 5 август 2017*

## КАКО ДА СПАСИМЕ ПОВЕЌЕ ОД 20?

„Работејќи таму каде што има верни, проповедникот во почетокот не мора толку да настојува да ги обрати неверниците, колку што треба да ги обучува верниците за корисна соработка. Тој треба да работи со нив поединечно, трудејќи се да ги поттикне да бара подлабоко лично искуство и да работат за другите. Кога ќе бидат подготвени да му помогнат на проповедникот со молитви и работа, нивните напори ќе ги следи поголем успех.

Господ не сака сега да доведе многу души кон вистината, поради верниците кои воопшто не се обратиле и оние кои порано не биле обратени но отпаднале.

Огромен куп отпадоци направиле оние кои привидно веруваат во Христа и тој куп претставува пречка на патот кон крстот. Наспроти сето ова, има лица кои се толку длабоко осведочени дека ќе го победат секое обесхрабрување и ќе ја совладаат секоја пречка на патот кон вистината. Но, кога оние кои веруваат во вистината, слушајќи ја, би ги исчистиле своите мисли, да ја сфатиле важноста на знаењето и усовршувањето на однесувањето во Христовото дело, би имало дваесет спасени души таму каде што е сега само една.“

**Да го искористиме времето за разговор и молитва во две насоки:**

1. Господ да им помогне на оние пријатели со коишто работиме да не се разочараат и да не се соблазнат од нас.

2. Господ да ни помогне да го исчистиме „купот од отпадоците“ на гревот за да можат оние кои немаат толку сила и решителност да појдат кон спасението по чист и израменет пат.

*Сабота, 12 август 2017*

## ЗДРАВСТВЕНО-МИСИОНСКА РАБОТА

На оваа гранка на делото треба да се посветат членовите на нашите цркви. Со позајмување или продавање на книги, со разнесување на трактати и држење на библиски часови, членовите на нашите цркви можат многу да направат за своите соседи. Исполнети со љубов кон душите, тие можат да ја објавуваат пораката со таква сила, така што мнозина ќе бидат обратени. /9T 35/

Членовите на црквата треба да се пробудат и да ја сфатат својата должност да ги проповедаат овие вистини. Луѓето кои ги просветлила вистината, треба да бидат носители на светлината на светот. Би направиле страшна грешка ако денес би ја криеле таа светлина. Веста на Божјиот народ денес гласи: „Дигни се, заблескај, зашто дојде твојата светлина, и Господовата слава изгреа над тебе“ (Исаија 60,1).

Насекаде гледаме како луѓето, кои имале голема светлина и знаење, намерно го бираат злото наместо доброто. Не трудејќи се да се поправат, тие стануваат сѐ полоши. Но Божјиот народ не треба да оди во темнина. Тој мора да оди во светлина, бидејќи е реформатор.

Здравствено мисионерската работа ќе му отвори многу врати на вистинскиот реформатор. Никој не смее да чека да биде повикан во некое далечно поле на работа, па да почне да им помага на другите. Каде и да се наоѓате, можете веднаш да започнете со работа. /7T 62/

„Ништо не е во состојба да даде поголема духовна сила и да разбуди поголема искреност и длабочина на чувствата како што може посетувањето и помагањето на оние што се наоѓаат во очајна состојба, помагајќи им едновремено да внимаваат на светлината и да ја утврдуваат својата вера во Исуса.“ /4T 75/

**Мисли за размислување и молитва:**

1. Господ дава дух на сочувство и сомилост, за најпрво да се спријателиме со луѓето на начин на кој Исус го правел тоа.

2. Како да го прифатиме и да ги спроведеме во живот вистинските начела на здравствената реформа?

*Сабота, 19 август 2017*

## ДА ГИ ЗАПОЗНАЕМЕ ЛУЃЕТО СО СЕМОЌНИОТ ЛЕКАР

Христос не се наоѓа повеќе на овој свет, за да чекори како човек низ градовите и селата и да ги лечи болните. Меѓутоа, Тој нам ни оставил должност да ја продолжиме здравствено-мисионската работа што Тој ја започнал. Во тој дел мораме да направиме сè што можеме. /9T 168/

„Нашиот народ треба да покаже живо интересирање за здравствено-мисионската работа“ /7T 63/.

„Мисионерот не е само во состојба да ги ублажи телесните болки, туку може грешникот да го упати кон семоќниот Лекар, кој може да ја исцели душата од губата на гревот. Бог сака болните, несреќните и оние кои се опседнати од демони да го слушнат неговиот глас преку неговите слуги. Преку своите човечки орудија Тој сака да се открие како Утешител, бидејќи светот не познава таков“ /Време и работа, 19/.

**Прашања за разговор:**

1. Како да ги упатиме луѓето да го чуваат храмот на Светиот Дух што почист?

2. Како да го сочувам чист својот храм на Светиот Дух?

*Сабота, 26 август 2017*

## ДА ГО ПОДГОТВИМЕ ПАТОТ ЗА ХРИСТОВОТО ДОАЃАЊЕ

Делото на собирање на сиромашните, потчинетите, напатените, отфрлените е дело кое одамна требало да го прифати секоја црква која верува во вистината за наше време. Ние мораме да покажеме нежно сочувство на милостивиот Самарјанин, грижејќи се за телесните потреби на другите, хранејќи ги гладните, водејќи ги отфрлените сиромаси во своите домови, собирајќи секој ден од Бога благодат и сила кои ќе ни овозможат да досегнеме до длабочините на човечката беда и да им помогнеме на оние кои не се во состојба да си помогнат самите себеси. Во вршењето на тоа дело ни се пружа поволна прилика да го претставиме Христос распнатиот. /6Т 276/

Многупати бев поучена дека здравствено-мисионерската работа треба да биде споена со веста на Третиот ангел како раката со телото. Под водство на божествената Глава, тие треба да работат единствено, подготвувајќи го патот за Христовото доаѓање. /6Т 288/

**Прашања за разговор:**

1. Што го прави срцето милостиво?
2. Како да постапуваме како милостивиот Самарјанец?
3. На кој начин останатите можеме да ги поврземе со веста за Распнатиот?

*Сабота, 2 септември 2017*

## ЧЕКОРИМЕ ЛИ ПО ХРИСТОВИТЕ СТАПКИ?

„Мнозина сметаат дека би имале голема предност кога биможеле да ги посетат оние места низ кои некогаш Исус минувал додека бил на земајта, да одат по патиштата по кои Тој чекорел, да го посматраат езерото крај кое Тој често проповедал и да ги видат ритчињата и долините на кои неговиот поглед толку често се одморал. Меѓутоа, не е потребно да одиме во Назарет, во Капернаум или во Витанија за да чекориме по Христовите стапки. Неговите стапки можеме лесно да ги пронајдеме покрај секоја болничка постела, во колибите на сиромашните, на преполните улици на големите градови и на секое друго место на кое човечките срца имаат потреба од утеха. Ако го правие она што Исус го правел кога бил на земјата, тогаш ние ги следиме неговите стапки."

Јас не можам премногу остро да го предочам фактот дека веста од педесет и осмата глава на книгата на пророкот Исаија постојано треба да ја имаат на ум сите членови на нашата црква, сите вистински мисионери, сите кои веруваат во веста на Третиот ангел и сите кои ја одвраќаат својата нога од престапување на саботата. Делото на дободетелство кое е наложено во оваа глава е дело кое Бог го бара од својот народ во ова време. Тоа е дело кое Тој самиот го одредил. /6T 265/

**Повикна молитва:**

1. Да се молиме за оние на кои навистина им е потребна нашата помош, и Исус да ни помогне да го пронајдеме патот до нив одејќи така по Исусовите стапки.

2. Да се молиме Господ да ни ја подари таа радост да ги видиме оние со кои работиме во бројот на победниците над гревот. Да се молиме за секоја душа поединечно.

*Сабота, 9 септември 2017*

## СОЛУН

*Прочитај од Библијата: Дела 17,1-4.*

**Павле ги проповедал вистините засновани на Писмото.**

Додека Павле со света смелост и решителност го проповедал евангелието во солунската синагога, блескотна светлина го осветлила вистинското значење на обредите и церемониите поврзани со старозаветната служба. Преку Христовата земна мисија и неговата служба во небесната светиња, тој мислите на своите слушатели ги насочил кон времето кога Тој, по завршувањето на своето дело во својство на посредник, повторно ќе дојде со голема сила и слава да го воспостави своето царство и на земјата. Павле бил убеден дека Христос повторно ќе дојде; вистината за тој настан ја изнесувал толку силно и убедливо, што врз душите на мнозина кои слушале оставила неизбришлив впечаток.

Три едноподруго саботи Павле им проповедал на Солуњаните, изнесувајќи им ја, врз основа на светите списи, вистината за животот, за смртта, за воскресението, за сегашната служба и за идната слава на Христа како Јагне „кое беше заклано уште од создавањето на светот“ (Откровение 13,8). Го издигнувал Христа, зашто само правилното познавање на неговата служба претставува клуч кој ги отвора списите на Стариот завет и овозможува пристап во неговите неисцрпни ризници.

Кога вистините на евангелието биле објавени во Солун со таква сила, тоа го привлекло вниманието на големите собири. „Некои од нив се уверија и се дружеа со Павле и Сила, а исто така и големо мноштво побожни Грци и не мал број видни жени“ (*Делата на апостолите*, стр. 228. 229. ориг; 1911).

*Сабота, 16 септември 2017*

## АТИНА

*Прочитај од Библијата: Дела 17,15-34.*

Не треба да се занемарат оние што се надвор од Црквата.

Очекувајќи да дојдат Тимотеј и Сила, Павле не стоел со скрстени раце. Тој „разговараше со Евреите во синагогата и со побожните, а и секој ден на пазарот со кого ќе се најдеше" (Дела 17,17). Но неговата главна задача во Атина се состоела во тоа пораката на спасението да им ја однесе на оние кои немале вистинска претстава за Бога и за неговата волја во врска со човечкиот род. Набргу апостолот дошол во судир со паганството, со неговиот најзаводлив и најпримамлив облик (*Делата на апостолите,* стр. 234. 235. ориг; 1911)

И така го одвеле на Ареопаг (брекче посветено на Ареса - бог на војната). Тоа било едно од најсветите места во цела Атина, со спомени од минатото што можеле да предизвикаат суеверна страхопочит, а кај некои дури и чувство што се граничело со страв. Луѓето кои донесувале конечна одлука во своите важни морални и граѓански прашања често на тоа место најсериозно размислувале за прашањата на религијата (*Делата на апостолите*, стр. 236. ориг; 911).

Со рака подадена кон храмот начичкан со идоли, Павле го излеал товарот на својата душа и ги разоткрил религиозните заблуди на Атињаните. Слушајќи го неговото излагање, се восхитувале и најмудрите меѓу неговите слушатели. Тој покажал дека му се познати нивните уметнички достигања, книжевноста и религијата. Укажувајќи на нивните статуи и идоли, тој рекол дека Бог не може да се прикаже со ликови што ги направиле луѓе. Тие делкани кипови на никој начин не можеле да ја прикажат славата на Јехова. Ги потсетил на тоа дека во нивните кипови нема живот, туку дека со нив управува човечка сила и тие можат да се по-

местат само со човечка рака, па затоа оние што ги обожаваат, во секој поглед се поголеми од она што го обожаваат.

Мислите на своите идолопоклонички настроени слушатели, Павле ги извел надвор од границите на нивната лажна вера и ги упатил кон вистинското Божество за кое пишувале како за „на непознат Бог“ (*Делата на апостолите,* стр. 237. ориг; 1911).

*Сабота, 23 септември 2017*

## КОРИНТ

*Прочитај од Библијата: Дела 18,1-18*

**Променете ги методите, ако се резултатите мали.**

Во првиот век на христијанската ера Коринт спаѓал меѓу најзнаменитите градови не само на Грција туку и на цел свет. Низ неговите улици врвеле Грци, Евреи, Римјани како и патници од сите земји, барајќи заработувачка, но и забава. Како голем трговски центар, лесно достапен на сите краишта на римското царство, Коринт бил значајно место во кое требало да се подигнат споменици кои луѓето ќе ги потсетуваат на Бога и на неговата вистина.

Меѓу Евреите кои се настаниле во Коринт биле Акила и Прискила кои подоцна се истакнале како ревносни и предани работници за Христа. Откако го запознал нивниот карактер, Павле „остана кај нив“.

Уште од почетокот на својата работа на тој крстопат Павле наишол на низа пречки кои од сите страни го пречеле напредокот на неговото дело. Населението речиси без исклучок било оддадено на идолопоклонство.

Венера била омилена божица, а со обожавањето на Венера биле поврзани многу неморални обреди и церемонии. Коринќани-

те дури и меѓу незнабошците се истакнувале со својот длабок неморал. Тие не мислеле ниту пак се грижеле за нешто друго освен за моментните задоволства и забави.

Проповедајќи го евангелието во Коринт, апостолот зазел став различен од оној што ја одбележал неговата работа во Атина. Кога бил во Атина се трудел својот начин на работа да го прилагоди кон карактерот на слушателите. На логиката одговарал со логика, на науката со наука, на филозофијата со филозофија. Кога размислувал за времето што го поминал таму и кога сфатил дека неговиот труд во Атина донел малку плодови, решил да го измени планот на работа во Коринт. Настојувајќи да го привлече вниманието на рамнодушните и безгрижните, решил да ги одбегнува подробните аргументи и дискусии и меѓу Коринќаните да не знае за ништо друго „освен за Исуса Христа, и тоа распнатиот“. Неговото проповедање овде „не се состоеше во убедливи зборови на мудроста, туку во пројава на Духот и силата“ (1. Коринќаните 2,2.4).

Исус Христос, кого Павле настојувал да им го прикаже на Грците во Коринт како распнат Христос, бил еден Евреин со скромно потекло и одгледан во гратче кое влегло во пословица со својата порочност. Бил отфрлен и презрен од сопствениот народ и најпосле распнат како злосторник. Грците верувале дека навистина е потребно да се издигне човечкиот род; но тие сметале дека науката и проучувањето на филозофијата се единствени средства да се постигне вистински напредок и чест. Дали Павле можел да ги осведочи дека верата, силата и моќта на Тој непознат Евреин го издигнува и го облагородува секое човечко суштество?

Во мислите на безброј луѓе што живеат денеска крстот од Голгота е завиткан во свети спомени. За сцената на распетието се врзани најсвети мисли. Меѓутоа, во времето на Павле крстот предизвикувал чувство на одвратност и ужас. Тврдењето дека Спасителот на човечкиот род е еден кој умрел на крст, природно предизвикувало потсмев и противставување.

Павле добро знаел како ќе ја пречекаат неговата порака и Евреите и Грците кои живееле во Коринт. „Ние го проповедаме распнатиот Христос, кој е камен-сопка за Евреите", признава тој, „а безумие за паганите" (1. Коринќаните 1,23). Меѓу неговите слушатели од еврејско потекло се наоѓале мнозина кои ќе ги разлути пораката што планирал да ја објави. Според мислењето на Грците, неговите зборови ќе бидат бесмислица и безумие. Сите ќе го сметаат за малоумен кога ќе се обиде да докажува дека крстот може да има некаква врска со издигнувањето на човечкиот род или со спасението на човештвото (*Делата на апостолите,* стр. 243-245. ориг; 1911).

Напорите на апостолот не се ограничувале само на јавните излагања. Имало многу и такви до кои не можело да се допре на тој начин. Голем дел од своето време тој поминувал и на работа од куќа до куќа, користејќи ги блиските односи што владеат во семејниот круг. Посетувал болни и јадосани и тешко потиштени и ги храбрел обесхрабрените. Но, што и да зборувал, што и да работел, со тоа го издигнувал Исусовото име. Така тој работел „во немоќ, во страв и во многу трепет" (1. Коринќаните 2,3), плашејќи се дека неговата наука, наместо божествен, да не носи човечки печат. (*Делата на апостолите,* стр. 250. ориг; 1911)

**Најпонизните можат да станат споменици на Божјата величина.** Напорите на Павле во Коринт не биле напразни. Мнозина го напуштиле идолопоклонството за да му служат на живиот Бог и една голема група стапила во црквата под Христовото знаме. Некои од најупорните незнабошци биле спасени и станале споменици на Божјата милост, давајќи доказ за силата на Христовата крв која може да исчисти од гревот. (*Делата на апостолите,* стр. 252. ориг; 1911)

*Сабота, 30 септември 2017*

## РИМ

*Прочитај од Библијата: Дела 28 глава.*

Веќе постоечките цркви треба да основаат нови цркви. Да ја види христијанската вера цврсто втемелена во големото седиште на познатиот свет – тоа била една од неговите (Павловите) најдрагоцени надежи и еден од највнимателно поставените планови. Црквата веќе била основана во Рим, а апостолот копнеел да ја обезбеди нивната соработка во делото за кое се надевал дека ќе го изврши. За да го подготви патот за својата работа меѓу овие браќа кои сè уште за него биле како туѓинци, им се обратил со писмо, објавајќи ја својата намера да го посети Рим, а исто така и со нивна помош да го постави знамето на крстот во Шпанија (*Sketches from the Life of Paul*, стр. 187. ориг; 1883).

Рим во тоа време бил престолнина на светот. Гордите цезари им пропишувале закони речиси на сите народи на светот. Царот и неговите дворјани или воопшто не знаеле за понизниот Назареќанец, или го посматрале со омраза и со презир. А сепак евангелието за неполни две години од скромниот дом на заточеникот си расчистило себеси пат дури и до богатите царски одаи. За сето тоа време Павле бил окован како злосторник, но „Божјата реч не е окована“ (2. Тимотеј 2,9). (*Делата на апостолите*, стр. 461. 462. ориг; 1911)

Според Божјето провидение, ова одлагање само придонело за натамошен развој и ширење на евангелието. Благодарение на наклоноста на оние на кои им бил доверен на чување, на Павле му било овозможено да живее во една пространа и удобна куќа каде што можел слободно да се состанува со пријателите и секој ден да им ја изнесува вистината на оние што доаѓале да ја слушаат. Така продолжил да работи полни две години, „навестувајќи го

Божјето царство и поучувајќи за Господа Исуса Христа наполно слободно и непречено“.

Факт е дека тие луѓе во домот на цезарот, не само што биле придобиени за вистината, туку истите, и по своето преобраќање, останале во тој дом. Тие не сметале дека можат слободно да ја напуштат својата должност само затоа што околината веќе не им одговарала. Вистината ги затекла тука и тие останале тука, сведочејќи со својот изменет живот и карактер за преобразувачката сила на новата вера (*Делата на апостолите*, стр. 466. ориг; 1911).

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**3/2017**

**Мисионски стихови**

Излегува тримесечно

***Издава:***
Христијанска адвентистичка
црква, црква на адвентистите
на седмиот ден

***Одговара:***
Томе Трајков

***Подготовка***
Мелита Томовска

***Адреса:***
Ул Влае 42
1000 СКОПЈЕ

***Тел/факс:***
+389 2 20 48 038

***E-mail:***
www.adventisti.org.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**